Број
02
Година 2010
Месец Април

# АПИС

Месечен информатор за одгледувачите на пчели во Република Македонија
Асоцијација за Пчеларски Информации и Совети



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објави јавен повик за доставување на барање за користење на средства од Програмата за рурален развој за 2010 г. Пчеларите можат да аплицираат за мерката 1 т.7 за модернизација на пчеларството. Максималната вредност на прифатливи трошоци изнесува 500.000 ден. Средствата се наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, оперативни трошоци поврзани со набавените средства и останати трошоци предвидени со Програмата за финансиска поддршка на руралиот развој за 2010 год**. Крајниот рок за пријавување е до 12.04.2010 год.**

Обрасците за пријавување можат да се подигнат во подрачните агенции или директно во Агенцијата на **Ул. Скупи бр. 3-а (зграда Фонко) 1000 Скопје**

## Информации од пчеларските здруженија

### ПЗ НЕКАР – Битола

На 27 Март Пчеларското Здружение НЕКТАР-Битола одржа редовно годишно Собрание.
Васко Карадаковски

### ПЗ МАТИЦА - Виница

По повод празникот БЛАГОВЕЦ Пчеларското Здружение МАТИЦА од Виница го организира традиционалниот „ФЕСТИВАЛ НА МЕДОТ" кој ќе се одржи во деновите од 05.04 до 07.04 2010 год. Организаторите ги поканувaат сите заинтересирани да го посетат фестивалот. Свеченото отворање на фестивалот е на 05.04.2010 г. во 8.30h. За подетални информации:
Иљчо Костадиновски е-маил ilco.kostadinovski@t-home.mk

### ПЗ БРАТСТВО – Прилеп

Во Среда 14.04.2010год. во 18ч. во големата сала на општина Прилеп ќе се одржи годишно собрание на ПЗ-Братство-Прилеп.
Во чест на храмот на пчеларите Св.Благовештение традиционално во среда 07.04.2010 домаќинот Бошкоски Дејан во име на ПЗ Братство ве поканува сите членови на СПЗМ да присуствувате на прославата, која ќе се одржи во ман. Св.Атанас во село Дреновци-Прилеп. За потврда на Вашето присуство Ве молиме јавете се на тел. **070655609** или на E-mail : boskoski.dejan@yahoo.com

Дејан Бошкоски

### ПЗ ПЧЕЛА – Куманово

На 8.04.2010 година Проф. Д-р. Хрисула Кипријановска ќе одржи предавање на тема „Технологија на добивање на пчелен отров". Предавањето ќе се одржи во Центарот за културно творештво „Трајко Прокопиев".
Во чест на празникот Благовец, на 10.04.2010 година, ПЗ „Пчела" Куманово организира еднодневна викенд посета на манастирот Свети Ѓоргија во с.Бељаковце. Воедно ќе се одржи и едукативна посета на пчеларникот на Стојанче Петровски во с.Бељаковце

Срeќко Станковски




АПИС

Апикултурното периодично информативно списание се подготвува како резултат од реализацијата на пилот проектот: Воспоставување на приватна советодавна служба во пчеларството во Република Македонија.
Проектот е финансиски поддржан од страна на МААСП (Проект за развој на советодавните служби во македонското земјоделство), координиран од страна на АПИЦЕНТАР тренинг и репроцентар за пчеларство и Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје:

ПЗ НЕКТАР – Битола
Васко Карадаковски
ПЗ БРАТСТВО - Прилеп
Дејан Бошкоски
ПЗ МАТИЦА - Скопје
Иван Додевски
ПЗ МАТИЦА - Виница
Иљчо Костадиновски
ПЗ ПЧЕЛА - Куманово
Срeќко Станковски
ПЗ МЛЕЧ – Струмица
Војислав Катранџиев
ПЗ МАЛЕШЕВСКА ПЧЕЛА – Берово
Емилија Рушковска
ПЗ ПЧЕЛА – Пробиштип
Горан Ѓуровски
ПЗ ШАРОПИН – Гостивар
Мерсељ Цафери
ПЗ ЗЛАТНА МАТИЦА-Кавадарци
Пере Ризов

**Уредник на АПИС**
Васко Карадаковски
**Помошник уредник на АПИС**
Срeќко Станковски
**Уредник на АПИС (албански јазик)**
Мерсељ Цафери
**Објавено на:**
www.apicentar.com.mk
www.pcela.mk



**ФОРМИРАЊЕ НА РОЕВИ**

За реализација на оваа операција потребни се едно плодиште (со поклопна штица, бегалка, капак и подница), неколку празни изградени рамки, а може и една рамка со мед, и една шеќерно-медна погача. Плодиштето го ставаме на подница во близина на кошницата од која ќе го вадиме медот и пчелите, и го затвораме летото. Ги редиме изградените рамки, и на една рамка го прикачуваме кафезот со матицата. Рамките ги зацврстуваме како за транспорт на кошницата, а отворот на кафезот го затвораме со погача.

Над плодиштето ја ставаме бегалката. Потоа, ја отвораме кошницата од која ќе вадиме мед. Медиштата ги ставаме над бегалката на новата кошница, така што пчелите кои се во медиштата ќе се симнат во новоформираната кошница со матицата во кафез.
После 12 до 24 часа ги вадиме медиштата и ги носиме на цедење. Бегалката ја оставаме, за да не излезат пчелите. Новоформираната кошница ја носиме на ново место одалечено 3-5 км од старото место. Таму ја вадиме бегалката и го отвораме летото. Во рок од 7-8 дена вршиме еден третман против вароа, и продолжуваме со стимулативна прихрана. На овој начин од секоја кошница формираме рој или ја заменуваме матицата.
Превземено од www.spos.info

МЕДОТ КАКО ЛЕК



1. Ако медот се раствори во млака вода, ја отвора столицата.
2. Ако медот се раствори во ладна вода, ја затвора столицата.
3. Употребата на медот ја прочистува крвта, се олеснува нејзиното струење низ телото.
4. Медот е единствениот лек против „лупање” на срцето
5. Медот ги отклонува болките во очите
6. Медот за слабокрвните е “магацин” со крв
7. За болести на коските, медот е извонреден лек
8. Болните од жолтица, ако наутро и навечер јадат мед, за 10-15 денови жолтицата исчезнува
9. Медот ги отстранува живчаните болести
10. Медот го помага растот и развојот на децата
11. Нервозните луѓе, со јадење на мед ги смируваат нервите
12. Оној кој јади мед, не може да има хемороиди
13. Ако медот се намачка преку загреано платно и се превија околу вратот и грлото, болките во вратот и грлото веднаш прекинуваат, како и кај ангината и крајниците.
14. Ако една количина на мед се измеша со вишни и со таа мешавина се плакни грлото неколку пати на ден, мирисот од устата ќе исчезни.
15. Ако ве боли грбот или кичмата, местото да се премачка со мед, а над него да се посоли со бибер во прав.Болката ќе исчезни.



Асоцијацијата за Пчеларски Информации и Совети на сите
Верници од православната вероисповед им ги честита
Велигденските празници.
Со желба за здравје, мир и благосостојба во животот, ви посакуваме успешна пчеларска година

Христос воскресна!
Навистина воскресна!

**ПРОГРАМА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ,,ФЕСТИВАЛ НА МЕДОТ,,**
**05-07 АПРИЛ 2010 ВИНИЦА**

**05.04.2009 г.**

**08,30 ч. Пречек на гости и поставување на штандови.**
**09,оо ч. Поставување на ликовна изложба - Дом на култура ,,Тошо Арсов,,**
**10,оо ч. Свечено отварање на манифестацијата.**
**10,10 ч. Културно забавна програма**
**-Куд ,,Китка,, Истибања.**
**-КУД ,,Руен,, Кочани.**
**-ОУ ,,Славчо Стојменски,, Виница.**
**Детска ликовна колонија-теми пчеларство.**
**11,оо ч. Дегустација на Мед и Прополка.**
**12,30 ч. Избор на најдобро декориран штанд.**
**12,45 ч. Избор на најдобар Цртеж.**
**13,оо ч. Доделување на Плакети и Награди.**
**14,оо ч. Посета на Пчеларник.**
**16,оо ч. Пчеларско советување – Сина сала.**
**20,оо ч. Пчеларска вечера**

**06.04.2009 г.**

**08,00-16,00 час. Школа за малади пчелари**
**-Предавања во Основните и Средните училишта и здружение на жени ,,Златно доба,,.**

**07.04.2009 г.**

**10,10 ч. Свечена литургија на пчеларник од Свештеници на МПЦ.**
**10,30 ч. прогласување Кум на манифестацијата за 2010.**
**11,оо ч. Засадување на медоносни дрвца – Лаванда.**
**12,оо ч. Коктел на пчеларник.**



**РАБОТА НА ПЧЕЛАРНИКОТ ВО МЕСЕЦ АПРИЛ**

За да се избегне природното роење, добро е да се додаваат што повеќе сотни основи (се разбира доколку пчелите ги градат, а матицата ги нанесува), а дополнително треба да се обезбеди добра вентилација на кошниците. Кај Л.Р кошниците може да се изврши замена на местата на плодишните тела!
Оние пчелари кои имаат полумедишта со храна кај Л.Р, кон крајот на месецот можат да ги кренат над плодиштето, а ако е потребо и порано, како би ги дополниле со нектар. Пчелните семејства кои од разни причини ослабеле и сеуште добро не ги покриваат целите рамки, треба посебно и стрпливо да се негуваат. Треба да ги стесниме на што помал број на рамки, онолку колку што можат пчелите да покријат. Да се отклопи малку мед на рамките каде што има легло со што би се овозможило побрзо проширување на леглото. Да се заврти средната рамка со легло така што медениот венец од задната страна да дојде меѓу леглото на соседните рамки. Таа мерка да се спроведува само ако леглото е раширено на повеќе од половина рамка, во спротивно само по малку да се отклопува мед и кај тие слаби друштва треба да се биде внимателен и на време да се реагира кога ќе бидат спремни за проширување на леглото. Бидејќи во кошниците има доста затворено легло, на кое голем број препарати не делуваат (се мисли на вароата во леглото), не се советува третирање доколу заразеноста не е зголемена или доколку не се поклопува со годишниот циклус на третман на пчелните семејства. Во тој случај за ова време може да се употребат еколошките препарати мравја киселина и тимол.
Април е доста погоден за собирање на цветен прав а тоа се врши при топло време и на јаки друштва. Може да се започне и со производство на матична млеч и со производство на матици. Да се евидентираат матиците кои слабо носат, за покасно да се заменат. Во случај на заладување се врши прихранување на пчелите со сируп доколку на некој друг начин не е обезбеден стимулативен развој (шеќерно тесто, кристализиран мед, отклопување на медот, магацини со храна или вртење на плодишните тела).

По завршувањето на цветањето на овошките, а пред почетокот на багремовата паша треба да се биде внимателен при работата со пчелите поради можност од грабеж.

**Други работи**

Се вршат припреми за формирање на роеви, се подготвуваат оплодници, нуклеуси, кошници и кафези за матици. Се набавуваат сотни основи.

Во ова време може да се засадува фацелија или некое друго медоносно растение (трева) кое ќе цвета после багремот.

**Среќна и успешна пчеларска сезона.**